**СЕМИНАР ГД НЕАР, БЕРОВО, ФЕВРУАРИ 2016 ГОДИНА**

Во Берово во периодот од 22 до 25 февруари 2016 година се одржа семинар за ревизорски тела и канцеларии за поддршка на националните координатори за авторизација, во целосна организација на Генералниот директорат на Европската комисија за соседство и проширување.

На семинарот присуствуваа повеќе од 100 учесници, и тоа покрај претставници од Ревизорското тело за ревизија на инструментот за претпристапна помош и на Канцеларијата за поддршка на Националниот координатор за авторизација (НАО) на Република Македонија, и претставници од соодветните институции од земјите во регионот – Србија, Црна Гора, Албанија и Турција.

Експертите - предавачи беа од Генералниот директорат за соседство и проширување од Брисел, како и од Бугарија, Хрватска, Турција и Естонија.

Целта на семинарот беше да се дадат генерални насоки на ревизорските тела и канцелариите за поддршка на НАО во однос на процесот на доверување на управувањето со средствата во рамките на Инструментот за претпристапна помош II (ИПА II) и задачите и предизвиците кои претстојат во овој процес пред ревизорските тела и канцелариите за поддршка на НАО при контрола на користење на средствата од ИПА. Семинарот исто така беше прилика за истакнување на големата улога на ревизорските тела и канцелариите за поддршка на НАО преку вршење на административни и контроли на лице место, со цел заштита на финансиските интереси на Европската Унија и на Република Македонија.

Покрај предавањата, се изведоа и практични вежби преку посета на два проекти финансирани со средства од ИПА 1, компонента 2, Програма за прекугранична соработка Македонија – Бугарија 2007-2013, во Берово (Проект Обновување на природата за подобар квалитет на животот) и во Виница (Градење преку-гранична културна соработка) со цел увид во ефективноста и одржливоста на проектите.

Семинарот заврши со презентација на најдобри практики за контрола на лице место и стекнати искуства.